# АКТИВНОСТИ  ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА МАРИОВО

**Скопје, 15 август 2005 (МИА) -** Во рамките на регионалниот проект "Искористување на медицински растенија и габи - алтернатива за подобрување на животниот стандард во Мариово", невладината организација “Македонско миколошко друштво” (друштво за проучување на габите), со седиште на Природно-математичкиот факултет во Скопје, организира посети и работилници во повеќе села од Мариово. Целта е преку искористување на природните ресурси на подрачјето да се подобри животниот стандард на населението во изолирани рурални подрачја како што е Мариово.

Во периодот од јануари 2005 досега, посетени се селата главно од прилепскиот и битолскиот дел: Витолиште, Будимирци, Рапеш, Зовиќ, Маково, Старавина, Градешница, Крушевица, Чаниште, Ореово, Рожден и Конопиште. Активностите опфаќаат одржување презентации  и изработка на постери и брошури, листа на откупни станици и сл., кои им се делат на учесниците за време на работилниците.

Едниот од постерите со наслов "Економски значајни видови габи во Мариово" содржи фотографии на 20 комерцијално значајни видови габи застапени во регионот, а другиот насловен како "Ароматични и лековити билки и плодови во Мариово" содржи фотографии од 26 растенија.

Брошурите содржат упатства за правилно собирање на растенија и самоникнати габи, информации за економски значајните видови габи како и за ароматичните и лековити билки и плодови. Разработени се и значајни еколошки аспекти како што се правилното собирање на габите и растенијата и минимизирање на  нивната прекумерна експлоатација од страна на месното население.

Овој деветмесечен проект е поддржан од страна на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа, со средства обезбедени од Канцеларијата за соработка на Европската комисија.
**гв/са/11:23**

*Македонска информативна агенција – МИА* www.mia.com.mk